Македонски центар за меѓународна соработка

О Г Л А С
ЗА НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ НА МЦМС
ЗА ОБУКА И СОВЕТИ

МЦМС е граѓанска организација која верува во мир, хармонија и просперитет на Македонија и Балканот, засновани на универзалните принципи на граѓанското општество и партиципативната демократија, добро владеење, рамномерен социоекономски развој, меѓузависноста и културната разновидност.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е една од водечките граѓански организации во Македонија и Балканот. МЦМС е организација со специјален консултативен статус во Економско-социјалниот совет на Обединетите нации и е членка на повеќе меѓународни организации. Повеќе информации на www.mcms.org.mk и www.graganskisvet.org.mk.

МЦМС е водечка организација во обуки и совети со околу 3.000 обучени досега.

За идниот развој на програми и активности за обуки и совети **МЦМС има потреба од надворешни соработници за обуки и совети за краткорочни проекти и задачи** и тоа за подолу наведените теми:

ЛИДЕРСТВО И РАКОВОДЕЊЕ

Напредно лидерство (водство, улоги на водач, стилови на водство и организациска култура, стратешко размислување, тимска работа); **раководење со операции (програми)** (институционална/организациска анализа, финансиско и раководење на човечки ресурси); **генерално раководење** (ИОМ, стратешко раководење, организациска структура, системи, процес на учење и промени); **раководење со човечки ресурси** (систем, регрутирање, развој, набљудување и оценување на вработените, наградување и мотивација); **финанасиско раководење за не-финансиски раководители**.

ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ ОДНОСИ СО АКТЕРИ (комуникациски вештини и вештини за партнерства и вмрежување)

Односи со јавноста (значење, стратегии, презентациски вештини, односи со медиумите, интервјуа); **вмрежување и партнерства**; **комуникациски вештини** (типови комуникации, вештини, активно слушање); **фацилитација** (поими и вештини, водење на состаноци); **преговарање**; **разрешување на конфликти**; **интеркултурно учење**

ОРГАНИЗАЦИСКО ЈАКНЕЊЕ

Организациска евалуација, стратешко планирање (ИОМ, анализа на опкружување, СВОТ, стратешка ориентација СОР); **добро владеење** (корпорациско управување и улога на неизвршни директори);

ПРОЕКТЕН ЦИКЛУС

Планирање засновано на цели, логичка рамка, СМАРТ показатели, СПИЦЕД показатели за мерење на влијание, алокација на ресурси, набљудување и оценување (евалуација)

РАЗВОЈ НА ПРОДУКТИ

Обука на обучувачи (циклус на учење кај возрасните, методи и техники за обука); **застапување и лобирање** (концепти, стратегии и техники за застапување и лобирање)

СИСТЕМИ И ПРОЦЕДУРИ

Финансиско- сметководствено работење; канцелариско и архивско работење

РЕСУРСИ И ОДРЖЛИВОСТ ЗА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Финансиска одржливост, мобилизација на ресурси

Надворешните соработници треба да имаат соодветно образование и обука, да бидат способни за работа со различни групи, да владеат со партиципативни техники и методи, да поттикнуваат интеракција и да се способни за тимска работа. Знаењето на јазици е предност и тоа како на англискиот, така и на регионалните (албански, српски, романски, бугарски) и источните јазици (руски, турски).

За пријавување треба да се достави ЦВ во формат на МЦМС и листа на обуки и дадени совети.

Форматот на ЦВ, како и други информации може да ги добиете на: obukasoveti@mcms.org.mk

Рокот за пријавување е 30 март 2007 година. Со избраните надворешни соработници ќе бидат склучени рамковни договори за надворешни соработници.

МЦМС .